СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ПАРЛАМЕНТАРЕН ИНСТИТУТ

# НАЦРТ-ЗАКОН ЗА ЗАШТИТА НА ФИЗИЧКИТЕ ЛИЦА ВО ВРСКА СО ОБРАБОТКАТА НА ЛИЧНИТЕ ПОДАТОЦИ ЗА ЦЕЛИ НА СПРЕЧУВАЊЕ, ИСТРАГА, ОТКРИВАЊЕ ИЛИ ГОНЕЊЕ НА КРИВИЧНИ ДЕЛА ИЛИ ЗА ИЗВРШУВАЊЕ НА КРИВИЧНИ САНКЦИИ

**-кратка информација-**

*Скопје, мај 2021*

Предмет на оваа кратка информација е содржината на Нацрт-законот за заштита на физичките лица во врска со обработката на личните податоци за цели на спречување, истрага, откривање или гонење на кривични дела или за извршување на кривични санкции[1].

Кратката информација е изработена по сопствена иницијатива согласно Правилникот за вршење на надлежностите на Парламентарниот институт во Собранието на Република Северна Македонија.

**Изработката на овој Нацрт-закон и неговото поднесување до Собранието се предвидени со Програмата за работа на Владата на Република Северна Македонија за 2021 година**[2]. Програмата предвидува изработка на ваков закон за прв пат, а со цел транспонирање во македонското законодавство на Директивата (ЕУ) 2016/680 на Европскиот парламент и Советот[3].

Известувањето за почетокот на подготовка на овој Нацрт-закон е објавено на ЕНЕР на 25.2.2021 година. Првата верзија на Нацрт-законот е објавена на ЕНЕР на 27.4.2021 година. Статусот на консултатувниот процес во рамките на ЕНЕР по овој Нацрт-закон е сè уште отворен, односно сè уште може да се поднесат коментари во однос на текстот на Нацрт-законот од сите засегнати страни.

Со овој нацрт-закон се уредува заштитата на физичките лица во врска со обработката на личните податоци од страна на надлежните органи за цели на

[1] Достапен на интернетската страница на Единствениот национален електронски регистар на прописи (ЕНЕР): https://ener.gov.mk/Default.aspx?item=pub_regulation&subitem=view_reg_detail&itemid=64140 (пристапено на 5 мај 2021 година).

[2] Достапна на официјалната интернетска страница на Владата: https://vlada.mk/sites/default/files/dokumenti/programa_za_rabota_na_vladata_na_republika_severna_makedonija_za_2021_godina_0.pdf (пристапено на 5.5.2021 година).

[3] Directive (EU) 2016/680 of the European Parliament and of the Council of 27 April 2016 on the protection of natural persons with regard to the processing of personal data by competent authorities for the purposes of the prevention, investigation, detection or prosecution of criminal offences or the execution of criminal penalties, and on the free movement of such data, and repealing Council Framework Decision 2008/977/JHA, достапна на официјалната интернетска база на прописи на Европската Унија (ЕУ): https://eur-lex.europa.eu/legal-content/EN/TXT/?uri=celex%3A32016L0680 (пристапено на 5.5.2021 година).

спречување, истрага, откривање или гонење на кривични дела или за извршување на кривични санкции, вклучувајќи и заштита и спречување на закани во однос на јавната безбедност. При тоа, Нацрт-законот како своја цел го пропишува истовременото обезбедување на заштита на основните права и слободите на физичките лица, а особено нивното право на заштита на личните податоци, од една страна, и обезбедувањето размена на личните податоци помеѓу надлежните органи, а која е предвидена со закон, без да се ограничи или забрани од причини кои се однесуваат на заштитата на физичките лица во врска со обработката на нивните лични податоци, од друга страна.

**Нацрт-законот е составен од 54 члена распоредени во девет глави:** Општи одредби; Начела; Права на субјектот на личните податоци; Контролор и обработувач; Пренос на лични податоци до трети земји и меѓународни организации; Агенција за заштита на личните податоци; Надоместок на штета; прекршочни одредби; и Преодни и завршни одредби.

Текстот на Нацрт-законот предвидува дека личните податоци смеат да се обработуваат единствено во согласност со закон и принципите на правичност, смеат да се собираат и обработуваат единствено во согласност со јасно утврдени, конкретни и легитимни цели, нивното собирање и обработка треба да биде соодветно, релевантно и ограничено на неопходниот минимум кој произлегува од споменатите цели, а собраните податоци треба да бидат соодветно ажурирани, чувани и заштитени од неовластена и несоодветна обработка. При обработката на податоците треба да се воспостави јасна разлика меѓу различните субјекти на личните податоци, односно помеѓу: осомничените за сторено кривично дело; осудените за кривично дело; жртвите на кривично дело; и, други лица од релевантност за кривичното дело - сведоци во кривична постапка, лица кои поседуваат некоја информација во врска со делото, соработници на осомничените или осудените сторители и сл.

Субјектот на личните податоци има право да побара, односно контролорот[4] има законска обврска да ги стави на располагање на субјектот на личните податоци **најмалку** следните информации: идентитетот и контакт податоците на контролорот; контакт податоци за офицерот за заштита на личните податоци; целите на обработката за коишто личните податоци се наменети; правото на поднесување на барање до Агенцијата за заштита на личните податоци и контакт-податоци за Агенцијата; и, постоење на право да се бара од контролорот пристап, исправка или бришење на личните податоци и ограничување на обработката на личните податоци кои се однесуваат на субјектот на личните податоци. **Во посебни случаи**, контролорот има обврска да му ги достави на субјектот на личните податоци и следните дополнителни информации за остварување на неговите права: правниот основ за обработката на личните податоци; временскиот период за кој ќе се чуваат личните податоци или ако тоа е невозможно, критериумите што се користат за одредување на тој период; каде што е применливо, категориите на корисници на личните податоци, вклучувајќи и трети земји или меѓународни организации; и каде што е неопходно,

[4] Во смисла на овој Нацрт-закон, под изразот контролор се подразбира надлежен орган кој самостојно или заедно со други ги утврдува целите и начинот на обработка на личните податоци, а кога целите и начинот на обработка на личните податоци се утврдени со закон, со истиот закон се определуваат контролорот или посебните критериуми за негово определување.

дополнителни информации, особено ако личните податоци се собрани без знаење на субјектот на личните податоци.

Нацрт-законот предвидува општи обврски за контролорот, согласно кои контролорот е должен да примени соодветни технички и организациски мерки за да обезбеди и да докаже дека обработката се врши во согласност со овој закон, а земајќи ги предвид природата, обемот, контекстот и целите на обработката, како и ризиците со различна веројатност и сериозноста за правата и слободите на физичките лица. Контролорот е, исто така, должен споменатите технички и организациски мерки да ги преиспитува и да ги ажурира по потреба, а најмалку еднаш годишно. Доколку е пропорционално на активностите за обработка, покрај споменатите технички и организациски мерки контролорот е должен да применува и соодветни политики за заштита на личните податоци. Контролорот е должен да користи само обработувачи кои обезбедуваат доволна гаранција за примена на соодветни технички и организациски мерки на таков начин на кој обработката ќе се одвива во согласност со претходно опишаните законски критериуми и ќе обезбедува заштита на правата на субјектот на личните податоци. Обработувачот не може да ангажира друг обработувач без претходно посебно или генерално писмено овластување од страна на контролорот. Во случај на генерално писмено овластување од страна на контролорот, обработувачот го информира контролорот за сите планирани промени за ангажирање или замена на други обработувачи, давајќи му можност на контролорот да се спротивстави на тие промени. Обработката од страна на обработувачот се регулира со договор или со друг правен акт во согласност со закон, којшто е обврзувачки за обработувачот во однос на контролорот, и со кој се регулира предметот и времетраењето на обработката, природата и целта на обработката, видот на личните податоци и категориите на субјекти на личните податоци, како и обврските и правата на контролорот.

Нацрт-законот ги пропишува општите начела кои треба да бидат запазени при секој пренос на лични податоци до трети земји и меѓународни организации, според кои таквиот пренос на лични податоци може да се изврши само ако се исполнети условите утврдени со закон и истите се применуваат од страна на надлежните органи (вклучувајќи ги и надлежните органи на третата земја или меѓународна организација). При тоа, преносот на лични податоци може да се изврши само ако се исполнети следните услови: преносот да е неопходен заради целите на спречување, истрага, откривање или гонење на кривични дела или за извршување на кривични санкции, вклучувајќи и заштита и спречување на закани во однос на јавната безбедност; и, личните податоци се пренесуваат на контролор во трета земја или меѓународна организација што е надлежен орган за споменатите цели. По стапувањето на Северна Македонија во полноправно членство во ЕУ, Нацрт-законот овозможува пренос или ставање на располагање на лични податоци на друга држава членка по претходно овластување за пренос дадено од земјата членка во согласност со нејзиниот национален закон; при донесување на одлука за соодветност од страна на Европската комисија; и, при донесување на одлука за натамошен пренос на личните податоци од страна на органот кој ја донел првобитната дозвола за пренос, откако ќе се земат предвид сите релевантни фактори, вклучително и сериозноста на кривичното дело, целта за која првично биле пренесени личните податоци и нивото на заштита на личните податоци во третата земја или меѓународна организација на којашто се пренесуваат личните податоци.

Со овој Нацрт-закон се предвидува доделување на дополнителни надлежности на Агенцијата за заштита на личните податоци, на која ѝ се доделува улога на надлежно тело за надзор над законитоста на преземените активности при обработката на личните податоци за целите на спречување, истрага, откривање или гонење на кривични дела или за извршување на кривични санкции, вклучувајќи и заштита и спречување на закани во однос на јавната безбедност. При тоа, во рамките на своите надлежности Агенцијата:

- ја следи и спроведува примената на одредбите од овој закон, прописите донесени врз основа на овој закон, како и мерките за нивно спроведување;

- ја промовира јавната свест и согледувањето на ризиците, правилата, заштитните мерки и правата во однос на обработката на личните податоци;

- во согласност со закон, дава мислења на Собранието, Владата и на другите институции и тела за законодавните и административните мерки за заштитата на правата и слободите на физичките лица во однос на обработката на личните податоци;

- ја промовира свесноста на контролорите и обработувачите за нивните обврски според овој закон;

- на барање, обезбедува информации на секој субјект на личните податоци во врска со остварувањето на неговите права според овој закон и доколку е потребно, за таа цел соработува со други надзорни органи за заштита на личните податоци;

- ги разгледува поднесените барања од субјектот на личните податоци, или од здружение согласно закон и го истражува во соодветна мера предметот на барањето, како и во разумен рок го информира подносителот на барањето за исходот на постапката, особено ако е потребно дополнително истражување или координација со друг надзорен орган за заштита на личните податоци; и,

- ја проверува законитоста на обработката на личните податоции го информира субјектот на личните податоци во разумен рок за исходот од проверката, или за причините зошто проверката не била извршена.

Нацрт-законот утврдува право за надоместок на штета за лицата кои претрпеле материјална или нематеријална штета како резултат на незаконски операции на обработка или прекршување на неговите одредби, или од кое било дејствие на прекршување на прописите донесени врз основа на него. Одговорен за надоместок на штетата е контролорот или кој било друг законски надлежен орган за претрпената штета, а постапката за надоместок на штетата се води пред надлежен суд.

**Слични практики во регионот:** во сите држави членки на ЕУ, врз основа на одредбите од Директивата (ЕУ) 2016/680 кои предвидуваат нејзино транспонирање најдоцна до 6 мај 2018 година.

Изработил: Илија Милчевски
Контролирала и одобрила: Фани Коровешовска

Раководител на Парламентарниот институт,

_______________________
м-р Златко Атанасов


Насоки
за користење на истражувачките услуги
на Парламентарен институт
Кој ги користи услугите?
-пратениците
-работните тела
-советите
-пратеничките групи
-генералниот секретар
Зошто?
за обезбедување објективни и непристрасни информации заради:
-подобро аргументирање на ставовите;
- подобро запознавање со предлог-законите и другите акти;
-кристализирање на идејата за поднесување предлог-закон;
-учество на јавни настапи, комуникација со граѓани и дипломатски посети
Како?
со поднесување барање за истражувачки работи:
-во писмена форма (на пропишаниот образец, потпишан лично од корисникот)
-во електронска форма (преку системот на е-парламент)
Кому му се поднесува барањето?
на раководителот на Парламентарен институт
(за дополнителни појаснувања во однос на темата и рокот, истражувачот и раководителите се консултираат со корисникот при добивањето на барањето и во текот на изработката на истражувачката работа)
Какви услуги и препорачан минимален рок?
минимум работни дена:
-кратка информација 3
-хронолошки преглед 5
-тематски преглед 5
-компаративен преглед 7
-опширна информација 10
Што содржат истражувачките работи?
истражувачките работи се од информативна природа, политички неутрални и објективни, се фокусираат на факти и не содржат препораки, ниту сугерираат решенија
Што не може да биде побарано?
-правни совети и помош за индивидуални случаи;
-изработка на нацрт-закони или амандмани;
-информации од надлежност на други сектори во Собранието
parl.inst@sobranie.mk
070/409-544
070/352-474
070/320-349
070/320-348
071/305-384